# И З В Е Ш Т А Ј

**за спроведување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2020 година**

Советот на Општина Крива Паланка на ден 06.11.2019 година донесе Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2020 година (бр. 09-3567/47 од 06.11.2019 година).

Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за спроведување на превентивна дезинсекција и на истата по спроведената постапка за извршување на активностите опфатени со Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2020 година година избрано е правното лице Друштво за авиоуслуги „БОНИЕР“ Куманово (број на договор 19-1259/7 од 22.05.2020 година).

Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2020 година опфаќаше вршење на дезинсекција еднаш годишно во периодот Јуни – Јули 2020 година.

Дезинсекцијата е извршена со авионска апликација на ден 19.06.2020 година. За спроведување на оваа активност од буџетот на Општина Крива Паланка на правното лице „Бониер“ му се исплатени 155.760 денари согласно договорот.

Во врска со спроведување на дератизација согласно Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2020 година, ЈП „Комуналец“ Крива Паланка има спроведено јавна набавка и се спроведени 2 акции за дезинсекција и дератизација во месеците јуни и декември 2020 година.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај и
заштита на животната средина

Раководител,
Маја Костадиновска